SiriuS
HOTEL ★★★★★ spa&wellness

# Правила и прописи

Драги гости,
За ваш пријатен и безбеден престој, љубезно ве замолуваме да ги почитувате правилата и прописите на хотелот. Вашата удобност и сигурност се наши приоритети.

**Однапред ви благодариме.**

- Пријавување после 14 часот
- Одјавување најдоцна до 12 часот
- Појадок од 7 до 10 часот
- Безжичен интернет - бесплатен / без лозинка
- Паркинг: бесплатен
- Валута на плаќање: македонски денари
- Работно време на ресторан: 07 - 24 часот секој ден
- Работно време на рецепција: 24 часа секој ден
- Поврзување со рецепција - 100
- Поврзување со спа центар - 501
- Начин на плаќање: во готово, Visa, Mastercard Visa Electron, Maestro

- При пријавуање во хотелот должни сте да доставите документ за лична идентификација.
- Кога ја напуштате собата должни сте лично да го вратите клучот на рецепција и да ја известите рецепцијата за своето заминување.
- Пред излегување од собата, исклучете ги сите електрични апарати, затворете ги прозорците, заклучете ја вратата и клучот оставете го на рецепција.
- Ве молиме да не користите сопствени електрични апарати.
- Забрането внесување храна во хотелските соби.
- Забрането изнесување крпи и бањарки надвор од хотелот и спа центарот.
- Љубезно ве замолуваме да ги запазите општите норми за хигиена.
- Домашни миленици не се дозволени.
- Не е дозволено пушење во собите и фоајето на хотелот.
- Средби со сопствени гости се дозволени исклучиво во лобито или ресторанот на хотелот.
- Групни собирања во собите или во лобито на хотелот не се дозволени.
- Не кревајте врева, посебно во часовите за одмор, од 14 до 18 часот и после 23 часот.
- Појадокот е вклучен во секој аранжман и се служи најдоцна до 10 часот. После 10 часот истиот се наплаќа. Ако ја напуштите собата пред 7 часот можеме да ви подготвиме ланч пакет за кој треба да ја известите рецепцијата најдоцна до 22 часот.
- Тарифата за наплата на телефонските разговори е 1 € / минута.
- Секоја направена штета на хотелска сопственост се наплаќа по пазарна вредност определена од управата на хотелот. Хотелот го задржува правото да ви ги задржи документите при утврдување на исчезнати бањарки и друг вид инвентар или при утврдена штета.
- Наплата на сите услуги од хотелот, направени штети, недостатоци во собата и консумацијата од мини барот се врши на рецепцијата со одјавувањето на гостинот, после утврдената проверка на дежурната собарка.

*Уживајте во престојот.*

www.hotel-sirius.com.mk +389 34 345 141 +389 34 320 141 email: sirius@t-home.mk